Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 68 став 1 точка 8 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16) и член 146 став 8 од Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/18), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со ризикот од перење пари и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр. 241/18)**

1. Во Одлуката за методологијата за управување со ризикот од перење пари и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/18) во потточката 3.2, зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија", бр. 130/2014, 192/2015 и 27/2016) се заменуваат со зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија", бр. 120/18")".

2. Во точката 11 став 1 алинеја 2, зборот: „го" се брише.

3. Во точката 24, ставот 2 се брише.

4. Во точката 32, ставот 2 се брише.

5. Во точката 33 став 1, по зборовите: „да ги има предвид", се додава зборот: „најмалку".

6. Во точката 43 став 1 алинеја 5, зборовите: „или извршувањето" се бришат.

7. Во Главата VIII. Завршни одредби, по точката 46, се додава нова точка 47 којашто гласи:

„Гувернерот на Народната банка на Република Македонија пропишува Упатство за вршење на проценка на ризикот за банките, штедилниците, давателите на услуги брз трансфер на пари и овластените менувачи."

8. Прилогот 1 „Индикатори за утврдување на ниво на ризик" се брише.

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/XIX-3/2018**
**20 декември 2018 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**